Архивски знак: 0202
Рок на чување: трајно
07.03.2018 година
АРХИВСКИ ПРИМЕРОК
ЦРВЕН КРСТ
Бр. 0202-210/13
07.03. 2018 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 31 и 42 од Статутот на Црвен крст на РМ, Раководниот одбор на Црвен крст на РМ на својата седница одржана на 07.03.2018 година донесе

# ПРАВИЛНИК

## за работа на Статутарните комисии

## на Црвениот крст на Република Македонија

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се уредува начинот и областа на работа на постојаните статутарни комисии на Црвениот крст на РМ на сите организациони нивоа.

Член 2

Постојани статутарни комисии на ниво на ЦКРМ се: Финансиска комисија, Комисија за организација, развој и човечки ресурси, Комисија за статут и нормативни акти, Комисија за утврдување и управување со ризици и ревизија, Комисија за спроведување на избори и верификација на изборен процес во Црвен крст на Република Македонија и Комисија за посредување и усогласеност.

Постојани статутарни комисии на ниво на ООЦК/ЦКГС се: Финансиска комисија, Комисија за организација, развој и човечки ресурси и Комисија за статут и нормативни акти

## II. ОБЛАСТ НА РАБОТА НА КОМИСИИТЕ

Член 3

Секоја поединечна комисија од член 1 на овој правилник има: претседател, и членови, кои се од редот на Собранието на Црвен крст, членството на Црвениот крст и други стручни лица за конкретна област.

Член 4

За претседател и членови на Финансиската комисија, се избираат лица од редот на членовите на Собранието и други стручни лица, со одлука на Собранието на Црвен крст на РМ/ООЦК/ЦКГС.

Претседателот на Финансиската комисија се избира од редот на членовите на Собранието.

Член 5

За претседател и членови на Комисијата за организација, развој и човечки ресурси, Комисијата за статут и нормативни акти, Комисијата за утврдување и управување со ризици и ревизија и Комисијата за спроведување на избори и верификација на изборен процес во Црвен крст на Република Македонија, се именуваат лица кои имаат стручна способност и искуство во областа на работа на Комисиите, со одлука на Раководниот одбор на Црвен крст на РМ.

За претседател и членови на Комисијата за организација, развој и човечки ресурси и Комисијата за статут и нормативни акти, се именуваат лица кои имаат стручна способност и искуство во областа на работа на Комисиите, со одлука на Раководниот одбор на ООЦК/ЦКГС.

Член 6

Бројот, составот и мандатот на Комисиите од член 4 на овој Правилник е определен во одредби од Статутот на Црвен крст на РМ, односно Статутот на ООЦК/ЦКГС, а се одредува во согласност со начелата на рационалност, ефикасност и стручност, а именувањето на претседателот и членовите на комисиите се врши со Одлука на Раководниот одбор на ЦКРМ/ООЦК/ЦКГС

Член 7

Работата на Комисиите се уредува со Деловник за работа кој се донесува на седница на Комисиите.

Деловникот за работа го предлага претседателот на комисијата и го донесува комисијата со мнозинство гласови на конститутивната седница.

Во деловникот за работа поблиску се уредува начинот на свикување на седници, работата на седницата, начин на водење на записник, начин на гласање и одлучување, донесување на заклучоци, предлог акти, начин на составување и потпишување на записник, формирање на работни групи и др.

Стручните и административни работи за потребите на секоја поединечна комисија ги врши лицето од стручната служба одредено од Генералниот секретар на ЦКРМ/Секретарот на ООЦК/ЦКГС.

Член 8

Комисијата работи на седници, кои се одржуваат по потреба.

Претседателот на комисијата свикува седница по своја иницијатива, на барање на Раководниот одбор или на барање на Генералниот

секретар/секретарот и го одредува дневниот ред кој може да се измени и дополни.

Во случај на отсутност или спреченост на претседателот на комисијата, состанокот го свикува и со него раководи член на комисијата овластен од страна на претседателот на комисијата.

## III. ПОСТОЈАНИ СТАТУТАРНИ КОМИСИИ

### Финансиска комисија

Член 9

Финансиската комисија ја сочинуваат претседател и шест члена на комисијата.

Финансиската комисија дава совети за сите финансиски прашања кои влијаат врз работата на Црвениот крст на РМ/Општинска организација/ Црвен крст на град Скопје, дава мислење за финансискиот извештај и за финансискиот план на Црвениот крст, дава мислење за намената и употребата за достапните финансиски средства и предлага на Собранието и на Раководниот одбор на Црвениот крст кои финансиски мерки треба да се превземат, го следи приливот на финансиските придонеси, го советува генералниот секретар/секретарот и Раководниот одбор за спроведување на одлуките за финансиското работење на Црвениот крст на кои ги донело Собранието, доставува мислење за финансиското работење на Црвениот крст до Раководниот одбор го разгледува извештајот од надворешните ревизори и по потреба дава насоки за постапување по истиот а по барање на претседателот на Црвен крст и генералниот секретар/секретар советува за ризични и други финансиски прашања кои имаат влијание на работата на Црвениот крст на РМ.

### Комисија за организација, развој и човечки ресурси

Член 10

Комисијата за организација, развој и човечки ресурси ја сочинуваат претседател и шест члена на комисијата.

Комисијата за организација, развој и човечки ресурси го следи функционирањето и развојот на организационата структура во Црвениот крст на РМ, ги разгледува стратешките документи, програмите и извештаите за работа на Националното друштво и утврдува предлози на кандидати за раководни функции во Црвениот крст на РМ.

### Комисијата за статут и нормативни акти

Член 11

Комисијата за статут и нормативни акти ја сочинуваат претседател и шест члена на комисијата

Комисијата за статут и нормативни акти иницира измени на Законот за Црвениот крст на Република Македонија и разгледува предлози за измена на Статут на Црвен крст на РМ и други општи акти, дава согласност на статутите на општинските организации и Црвен крст на Град Скопје, разгледува одлуки и други општи акти и дава мислење за усогласеноста на истите со позитивните законски прописи,

**Комисијата за утврдување и управување со ризици и ревизија**

Член 12

Комисијата за утврдување и управување со ризици и ревизија ја сочинуваат претседател и четири члена на комисијата

Комисијата за утврдување и управување со ризици и ревизија врши контрола, мониторинг и евалуација на работата на Црвениот крст на РМ, Црвен крст на град Скопје и општинските организации со цел да идентификува, дефинира и утврдува ризици, и предлага начин за управување со ризици, како и мерки и активности за спречување на неправилности и активности подложни на измами и врши контрола врз воспоставените политики, финансиски процедури и други активности со цел да се обезбеди остварување на целите и задачите на Црвениот крст на РМ и да се избегнат или намалат ризиците и штетните последици.

**Комисијата за спроведување на избори и верификација на изборниот процес**

Член 13

Комисијата за спроведување на избори и верификација на изборниот процес ја сочинуваат претседател и четири члена

Комисијата за спроведување на избори и верификација на изборен процес ги спроведува изборите, дава упатство за подготовка и спроведување на изборите во општинските организации и Црвениот крст на град Скопје, врши верификација на изборниот процес, го организира и следи изборното претставување на кандидатите за претседател на Националното друштво и за својата работа поднесува извештај до Собранието на Црвен крст на РМ преку Раководниот одбор.

**Комисија за посредување и усогласеност**

Член 14

Комисијата за посредување и усогласеност ја сочинуваат претседател и четири члена на Комисијата.

Комисијата за посредување и усогласеност им помага на органите и телата на Црвен крст на РМ во спроведување на статусни промени иницира, разгледува и се произнесува по иницијативи за статусни промени, посредува и ги усогласува ставовите меѓу општинските организации/Црвен крст на град

Скопје и Црвен крст на РМ за евентуални спорни прашања, преку давање на мислење и предлози за нивно разрешување.

Комисијата за посредување и усогласеност помага на органите и телата на Црвен крст на РМ во разрешување на несогласувањата околу дефинирање и решавање на било какви потенцијални повреди на интегритетот на Црвениот крст на РМ.

Во случај на преземени активности Комисијата за посредување и усогласеност поднесува извештај до Раководниот одбор и Собранието на Црвен крст на РМ.

## IV.ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 15

Овој Правилник е со важност за статутарните комисии во ООЦК/ЦКГС.

Член 16

Овој правилник влегува во сила со денот на неговото донесување.

Претседател,

проф.д-р Ромел Велев